# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во првиот квартал од 2026 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за првиот квартал биле реализирани приходи во износ од 321.357.095,00 денари, од планираните 1.650.266.707,00 денари од вкупниот **основен Буџет** на Општина Битола, или 19,47%, додека реализираните расходи се во износ од 321.357.095,00 денари, од планираните 1.650.266.707,00 денари од вкупниот **основен Буџет** на Општина Битола или 19,47%.

***Динамика на движење на приходите во првиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, за првиот квартал, од планираните 79.750.000,00 денари од вкупниот основен Буџет, остварени се приходи во износ од 20.728.394,00 денари или 25,99%.

Ставка 713- Данок на имот за првиот квартал, од планираните во вкупниот основен буџет 208.079.783,00 денари, остварени се приходи во износ од 52.973.709,00 денари или 25,46%.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во првиот квартал, од планираните 325.350.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 54.825.189,00 денари или 16,85%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 22.580.000,00 денари, остварени се 92.416,00 денари или 0,41%.

Ставка 722- Глоби, судски и административни такси во првиот квартал, од планираните 3.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 782.044,00 денари или 26,07%.

Ставка 723- Такси и надоместоци во првиот квартал, од планираните 15.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 2.967.589,00 денари или 19,78%.

Ставка 725- Други неданочни приходи во првиот квартал, од планираните 25.062.796,00 денари, остварени се приходи во износ од 1.360.102,00 денари или 5,43%.

Ставка 731-Продажба на капитални средства од планираните 30.000.000,00 денари, не се реализирани приходи во првиот квартал.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 75.505.000,00 денари, остварени се 11.103.329,00 денари или 14,71%.

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт во првиот квартал, од планираните 865.939.128,00 денари, остварени се приходи во износ од 176.524.323,00 денари или 20,39%.

***Динамика на движење на расходите во првиот квартал***:
***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи во првиот квартал во износ од 22.000.458,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 158.739.235,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 8.431.154,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 63.305.586,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во првиот квартал реализирани се трошоци од 3.242.595,00 денари, од планираните 26.798.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва во првиот квартал не се реализирани трошоци, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви во првиот квартал, не се реализирани трошоци, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 432.482,00 денари, од планираните 3.270.000,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во првиот квартал во износ од 23.564.070,00 денари, од планираните 67.315.000,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за првиот квартал во износ од 3.227.966,00 денари, од планираните 11.798.900,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 23.390.820,00 денари, од планираните 113.502.997,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во првиот квартал во износ од 11.744.998,00 денари, од планираните 41.185.000,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за првиот квартал во износ од 4.428.400,00 денари, од планираните 30.286.640,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања реализирани се трошоци за првиот квартал во износ од 5.637.834,00 денари, од планираните 18.450.000,00 денари.

Ставка 452- Каматни плаќања кон домашни кредитори во првиот квартал се реализирани трошоци во износ од 479.945,00 денари, а планирани се средства во износ од 2.700.000,00 денари.

Ставка 461- Субвенции за јавни претпријатија, се реализирани трошоци за првиот квартал со износ од 3.000.000,00 денари, од планираните 12.000.000,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за првиот квартал во износ од 44.970.000,00 денари, од планираните 85.040.000,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 37.709.657,00 денари, од планираните 86.525.090,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 1.400.000,00 денари, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 536.062,00 денари.

Ставка 471- Социјални надоместоци реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 2.707.789,00 денари, од планираните 5.000.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини реализирани се расходи за првиот квартал во износ од 757.638,00 денари, од планираните 26.023.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти реализирани се расходи за првиот квартал во износ од 110.901.025,00 денари, од планираните 857.667.259,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел од планираните 850.000,00 денари, но не се реализирани расходи за првиот квартал.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во првиот квартал во износ од 7.053.346,00 денари, од планираните 22.210.000,00 денари.

Ставка 491- Отплата на главница до нерезидентни кредитори реализирани расходи за првиот квартал се во износ од 7.140.856,00 денари од планираните 14.500.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 19,47%. Програмата А0-Совет на општината е извршен 21,53%, А1 Изборни активности и референдуми со 100%, програма В2-Старски дом со 56,90%, ВАА-Изградба на детска градинка во АРМ е извршена со 12,26%, програмата Г1- Поддршка на локалниот економски развој е извршена со 3,40%, програмата Г2 -Поттикнување на развојот на туризмот е извршена со 43,32%, програмата ГД-Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 1,07%, програмата Д0-Градоначалник е извршена со 21,92%, програмата Д1-Месна самоуправа со 28,63%, програмата Е0-Општинска администрација исполнета со 23,88%, програмата ЕА-Капитални трошоци на општината е реализирана со 17,73%, програмата Ј3-Јавно осветлување е извршена со 22,99%, програма Ј4-Јавна чистота со 45%, програмата Ј6-Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режимот на сообраќајот со 8,88%, програма Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 21,56%, програмата Ј8-Други комунални услуги со 38,82%, програма ЈАВ Реконструкција на улично осветлување на улица 8-ми Септември со 52,96%, програма ЈАР Реконструкција на улично осветлување на улиците 11-ти Март и Панде Николов со над 100%, ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување со 11,29%, ЈГГ -Реконструкција на водоводна мрежа на ул 8-ми Септември со над 14,73%, програма ЈГЅ Изградба на водоводна мрежа на улица СТУ“ во АРМ четврт 1 со 100%, програма ЈГП Реконструкција на водоводна мрежа на дел од ул.Даме Груев-Мал Париз крак 1 и крак 2 со 37,50%, ЈД- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 21,93%, програма ЈДГ2 Реконструкција на коловоз на локален пат с.Цапари (до фабриката) со 71,36%, ЈД312 Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Буково со 100%, ЈД317 Реконструкција на коловоз на ул.8-ми Септември со 67,47%, ЈД318 Реконструкција на коловоз на ул.Панде Кајзеро со 18,78%, ЈД38 Изградба на коловоз на патот до црквата во с.Крклино со 47,91%, ЈДК Изградба на паркинг простор кај Хеликоптер со 21,03%, ЈДП3 Реконструкција на улици во с.Трн со 20,23%, ЈДХ Изградба на комплетна инфраструктура на паркинг на ул.СТУ9 во АРМ четврт 3 со 59,58%, ЈИ-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води е извршена со 1,67%, ЈИВ1 Реконструкција на мешовита канализациона мрежа за ул.Даме Груев - Мал Париз крак 1 и крак 2 со 71,34%, ЈИГ Реконструкција на канализациона мрежа на ул.Караорман со 29,31%, ЈИИ-Изградба на фекална канализација на улица СТУ 3 во АРМ четврт 1 со 72,32%, ЈИК 2-Изградба на атмосферска канализација на улица СТУ 3 во АРМ четврт 1 со 72,12%, ЈИХ Реконструкција на канализациона мрежа на ул 8-ми Септември (влез од страна на Скопје) со 13,71%, ЈИЦ -Реконструкција на

канализациона мрежа на улиците 150-та, 170-та и 210-та со 5,16%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 24,19%, ЈЛЅ Надзор над изградбата со 2,18%, ЈЛЦ Санација со тампон на простор околу трафостаницата кај Јужна трибина со потпорен ѕид со 83,60%, К3-Музејска и кинотечна дејност со 25,58%, К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 13,29%, ЛО-Спорт и рекреација со 55,31%, ЛА Спорт и рекреација (капитални расходи) со 1,16%, ЛАП Санација на јужна трибина околу фудбалски стадион со 54,46%, Н1- Основно образование со 65,75%, НАА Реконструкција на фасада-изведба на нова енергетска и ефикасна фасада на ООУ Стив Намов со над 100%, НАИ Изградба на спортски игралишта во ОУ Гоце Делчев КП 12422/1 со 30,77%, НАЈ Изградба на спортски игралишта во ПООУ Коле Канински со 22,27%, НАК Изградба на спортски игралишта во ОУ Гоце Делчев КП 12450/1 (Турското училиште) со 19,97%, НАЊ Изградба на спортски игралишта во ПООУ Тодор Ангелевски КП 2498 Битола со 30,08%, НАО Реконструкција на спортски игралишта во ОУ Климент Охридски со 27,19%, НАЏ Изградба на спортски игралишта во ОУ Даме Груев со 29,51%, Њ0- Противпожарна заштита со 1,47%, ЊА Противпожарна заштита (капитални расходи) со 4,69%, Ф1-Урбанистичко планирање со 31,71% и Џ1 Родова еднаквост со 62,50%.

***Корисници на средства од сметка наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за **наменска и блок дотација** се реализирани во износ од 304.073.261,00 денари, од планираните 1.342.011.609,00 денари, или 22,66%.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за **наменската и блок дотација** за првиот квартал реализирани се во износ од 299.026.886,00 денари од планираните 1.342.011.609,00 денари или 21,76% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 197.428.707,00 денари, од планираните 853.858.974,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 77.194.219,00 денари, од планираните 322.788.609,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во првиот квартал е со планирани средства од 22.428.340,00 денари, но не се реализирани средства во првиот квартал.

Ставка 420-Патни и дневни расходи во првиот квартал се планирани 100.000,00 денари, но не се реализирани средства.

Ставка 421- Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 7.709.023,00 денари, од планираните 42.651.000,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се трошоци во износ од 468.009,00 денари, од планираните 3.255.774,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување реализирани се трошоци во износ од 525.116,00 денари, од планираните 15.897.693,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 8.213.155,00 денари, од планираните 31.538.797,00 денари.

Ставка 426- Други оперативни расходи од планираните 1.292.100,00 денари, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 276.264,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери е планирана со износ од 5.480.033,00 денари, реализирана е со износ од 212.393,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини е планирана со износ од 3.745.000,00 денари, но не се реализирани расходи во првиот квартал.

Ставка 482- Други градежни објекти била планирана со износ од 36.845.289,00 денари, но не се реализирани расходи во првиот квартал.

Ставка 483- Купување на мебел била планирана со износ од 2.130.000,00 денари, но не се реализирани расходи во првиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 17,68%, В2- Дом за стари лица 30,06%, К3- Музејска и кинотечна дејност е 19,88%, Н1- Основно образование со 23,50%, Н2-Средно образование со 20,50% и програмата Њ0- Противпожарна заштита со 19,63%.

***Корисници на средства од сметка Самофинансирачки активности:***

Вкупно реализирани приходи за сметката **Самофинансирачки активности** за првиот квартал се во износ од 19.651.796,00 денари, од планираните 159.563.900,00 денари, или 12,32%.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во првиот квартал се реализирани 19.651.796,00 денари, од планираните 159.563.900,00 денари или 12,32% и тоа:

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.856.000,00 денари, реализирани се во првиот квартал 132.311,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење и транспорт планирани се трошоци од 25.411.500,00 денари, реализирани се 4.378.447,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 45.386.600,00 денари, реализирани се 7.926.414,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 24.325.500,00 денари, реализирани се 1.157.556,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 20.848.800,00 денари, реализирани се во износ од 3.811.151,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.419.500,00 денари, реализирани се 1.282.247,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се трошоци во износ од 7.528.000,00 денари, реализирани се 684.814,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини од планираните трошоци во износ од 14.225.000,00 денари, реализирани се 234.004,00 денари.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 6.050.000,00 денари, но не се реализирани расходи во првиот квартал.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните трошоци во износ од 2.921.000,00 денари, реализирани се во првиот квартал 39.252,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните трошоци во износ од 892.000,00 денари, реализирани се 5.600,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила планирана е со износ од 3.700.000,00 денари, но нема реализација за првиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 14,22%, В2- Дом за стари лица со 19,49%, ВА- Капитални расходи за детските градинки со 0,83%, К3- Музејска и кинотечна дејност програмата е со 19,56%, Н1- Основно образование со 6,84%, Н2- Средно образование со 5,92%, НА- Капитални расходи за основно образование со 2,53% и НБ- Капитални расходи за средно образование со 1,04%.

***Корисници на средства од сметка Донации:***

Вкупните тековно оперативни приходи од сметката **Донации** од планираните 16.612.858,00 денари, приходовани во првиот квартал се средства од 4.050.185,00 денари или 24,38%, додека за планираните расходи од 16.612.858,00 денари е реализиран износ од 3.859.437,00

денари или 23,23%. Со средства од Донации се реализираат проекти во следниве локални јавни установи: ЈОУДГ Естреја О. Мара, ОУ Даме Груев, СОЗУ Кузман Шапкарев, ОУ Ѓорѓи Сугарев и други локални јавни установи.

Изработил
К.Ѓ                                        Одделение за буџетска координација

________________________________________